
НМП
почеток на колективната халуцинација.
8-15 април 2006, МКЦ



„НМП е колектив генетичари на популарната култура. Како шушкање во воздухот при преслушување на винил од *Леб и Сол*, НМП е концепт – остаток од некои други времиња префрлен во дигиталната работилница за знаци и икони, со цел да го пероди чувството на припадност меѓу луѓето. Ние сме мудри јарци, па знаеме: само во движење низ различните димензии на реалноста можеме да ги видиме ближните. НМП е еден вид на движење, церебрално и духовно. НМП е реакција, како супер-трактор сред Плоштад. НМП е софистициран виц на сечија сметка. НМП е колективна халуцинација.“

Една година тркалање на мрежните колца е доволно време и најскришните тајни да блеснат во неонското сонце. Костури во шпоретот, лавови во патиките, Гигер списанија под недопрените учебници; досега сето тоа би морало да е добро познато, а срамежливиот одраз затапен во безбојна ладнокрвност. Зошто тогаш колективната халуцинација допрва мора да се открива? Дали бунарот на соништата е подлабок отколку што се чини, дали досега видените докази се колачиња бесмислена гармонбозија или пак едноставно нема што да се открива? Нека оваа прва изложба на НМП колективот конечно одговори на прашањето: „Што се крие во брадичките на Мудрите Јарци?“





## *Александар Ивановски*

Талкач по звање, дигитален шаман по професија, ги бара Мудрите Јарци од основно одделение. Работејќи напорно, ќе направи нивните лица да ја здогледаат денската светлина во прелистувачот. Но, тој би сакал да остане зад завесата...

*ХТМЛ кодирање, сеир*

## *Ивица Дукоски*



Во пушката на веселото Џуџе се чека на ред. Кој прв ќе прсне кон срцето на Мудрите Јарци? Сердар со студен здив реинкарниран во птица преселница или зглобникав пенкалопрст што лета крај Мајорот Мангал? Сеедно.

*проза/поезија, поп, фотоманипулација*



## Слободан Јаќоски

Генетски модификуваните патлицани се хиперсупер за вашето здравје. Особено пред ласта од небесната скокалница, право на јарешкиот рог. Нема преродба без халуцинација во одаите на патлицанестиот ентитет.

*фотоманипулација, поп, шмекст*

## Александра Христов



Под крилото на леопардот лежи дигитално Скопје, а сред него Таа ги собира јарците на куп. „Птичица“, кл-клик и дисторзија. Нежно, упорно, тврдоглаво, тамам, око со атомска експлозија од сила и чкрапало под прст.

*вектор арт, фотографија, фотоманипулација*




### Иван Петрушевски

Во хиперкоцка од вектори, фотки и лепенки, лежи вселена, во вселената ѕвезди, а меѓу ѕвездите една суперѕвезда. Еден ден, таа суперѕвезда излезе на прошетка со господинот Флим, но никогаш-никогаш не се врати дома...

*вектор арт, поп, стик арт, фотографија*

### Иван Ивановски

Како што се стврднува глината и воздухот фаќа мирис на калап, во мрежата од тела за миг гледаме многу повеќе од скулптура, а во светлината на едно слабо осветлено ателје – грмушката на еден моќен боемски јарец!



*вајарство*



## *Кирил Шентевски*

Моменти од првото претставување на Невидливиот Човек до циркусот на ѓаволестите двојници: збор и слика, слика и збор, бучниот јарец-превртливец во (огнен) здив ги поседува ликовите и нивното.

*фотографија, камера, кратка проза*

## *Јован Петрушевски*



На пат за ПМФ, Мекамечето нашло црвен метеорит. Му се приближило, го допрело и без да сети, се подвоило: со лево око гледало само вектори, со десно само фотографии. Каква стикерска лудница нашло во своето огледало!

*вектор, фотографија, стик арт, фотоманипулација*



### *Александар Мијалковиќ - Мијал*

Под вистинска лупа и најситните нешта прават страшни чудовишта. Заводливиот пресврт е тука да помогне, слаткасто заразен во својот допир. Со ласо врз големиот јарешки рог, пресвртот допрва почнува.

*музика, фотоманипулација, фотографија, видео*

### *Гоце Ефтимов*



Ѕверот и јарците се незгодна комбинација. Како што денот се отвара со бојна труба, нивниот поход го превртува секое камче, секој комарец. Опачината на нивниот насобран гнев би го извадила и Гоја од памет.

*фотографија, фотоманипулација, вајарство*



## Георги Карагоцев

Падините на кристалната висорамнина светат во летната ноќ, а по неа распослан еден куп мудри јарци со златни копита. Се шета великанот по својата земја и шепоти: „Источно од дигитална Виница, 7 дена до срж назабени.“

*3D арт, софтвер*

## Милош Столиќ



18 кода решени за 15 милиминути – меѓу кои и јарешката томбола и македонската Википедија – и тоа во афектна состојба, нема грешка со палетата Misos производи. Сега достапни за само 99.9 кобалти!

*програмирање*



## *Митко Доновски*

Дождовниот Човек и Невидливиот се шетаат полека по ’рбетот на Градски Ѕид, до нив среќен тигар. Застануваат пред Погон. „Штета што си невидлив. 100% поарен модел од Јован би бил.“ Невидливиот крева рамења.

*фотографија*

## *Маја Лукаревска*



Убавината лежи во сликовниците, во принцезите и нивните стаклени чевли, мазно испечатени во милијарда бои. Некогаш, убавината истекува од сликите и со силен удар, полна сила, го запоседнува пастелниот свет на Mayamox.

*фотографија, традиционално сликарство*



## Елена Стојанова

Цик-цик, цик-цак... Пипи излегува од подземјето на лепенките, право во сонцето над Скопје. Ние само стоиме од страна и набљудуваме: сред бетонот се раѓаат извиени полиња, војниците се радуваат, Пипи освојува...

*стик арт, графити, стрип, цртеж, поп*

## Етна



Вулканската активност на Етна трае веќе половина милион години и денес е еден од најактивните вулкани во светот, во речиси постојана состојба на еруптирање. Запрепастувачки, во лавата можат да се видат и јарци сурфери!

*фотографија, проза/поезија, фотоманипулација*




## Простум

Лета нагоре, албатрос во потрага по морското ехо, му се смее на звучниот ѕид. Канџи посегнуваат по него од земјината кора, го влечат надолу. Но, и во најголемиот немир, најголемата мака, тој застанува – простум!

*дигитална уметност*

## Дејан Ханџиски

Сонував буден а се будев во соништа. Видот е само регистрирање на одбиена светлина. Во темница, сите сме слепи. Моите творби не се мој медиум, јас сум нивни. Тие трагаат по само едно нешто – јарешкиот ирис.

*вектор арт*






## None

Ритамот на маркерот ги распарува скопските улици, исцртува лице во нивната дебела асфалтна кожа. Доцна во ноќта, додека градот сонува јарци, тој се издолжува како пикселизирана сенка - лепенка по тврдоглавите ѕидови.

*стик арт, графити, цртеж*

## Кирил Стоилков



Шлапка по даска обвиена со свила на граница меѓу фурната и монолитот, чевли полни гланц нови светови (во просторот меѓу ѓонот и чорапата). Тој е балансот, само не му е јасно што толку запнале луѓето по Кирил...

*проза, поезија, апстрактна уметност*




## *Михајло Димитровски – Мичо*

Цртежи и стрипови цупкаат по патот Битола-Скопје во субверзивен занес. Меѓу меките детски облици се кријат јарешки отпечатоци и потпис на еден завиден манипулатор со тоталитаристички димензии.

*стрип, цртеж*

## *Невенка Манчева*



Стои смирено на работ од океанот и длабоко го вдишува пространството отворено пред неа. Се заљубува во небото, тревата, мирисот на ветрот и тие проклети бои(!). Новоздобиената слобода набрзо станува срце на прекрасен албум.

*фотографија*

Официјален спонзор на изложбата:




*Голема благодарност до FONKO за печатењето на овој буклет.*

НМП
www.nmp.com.mk